Илија Спировски
од ССМ

ПОЧИТУВАН ДРУГАР НАУМЕ,

Во овој момент кога се простуваме од Тебе, од името на Општинската конференција на Сојузот на младината во Ресен и од сите млади луѓе во Преспа, ти искажуваме длабока благодарност за Твоето ~~xxxx~~ величенствено дело во славната Револуција. Како млад борец стапи во редовите на првиот Битолско-Преспански партизански одред "Даме Груев", калејки се во многубројните битки со фашистичкиот окупатор, израсна во вистинска легенда и поим на борец и родољуб не само за Преспа, туку и надалеку познат ширум нашата Република.

Испраќајки Те на вечниот пат, ние младите од Преспа, изразувајки ја ~~xxxxxxx~~ нашата длабока жалост, истовремено Ти ветуваме дека Твоите идеали ќе ни бидат патоказ во нашето воспитување, учење и работа за побрзата изградба на нашето самоуправно социјалистичко општество.

Нека Ти е вечна слава и благодарност.